# ДОДАТОК IX

# МЕСТА НА МОНИТОРИНГ И ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ

**Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги „ФРЕШ ФАРМ“ ДОО увоз - извоз, Мршевци, Илинден**

**Барање за добивање на А интегрирана еколошка дозвола**

**ДОДАТОК IX**

## МЕСТА НА МОНИТОРИНГ И ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ

**СОДРЖИНА**

IX.1. Места на мониторинг и земање на примероци ... 3

IX.1.1. Мониторинг на емисии во воздух ... 3

IX.1.2. Мониторинг на емисии во површински реципиент ... 6

IX.1.2.1. Емисиони гранични вредности ... 6

IX.1.2.2. Фреквенција на мониторинг ... 6

IX.1.3. Мониторинг на емисии во канализација ... 7

IX.1.4. Мониторинг на нивото на бучава во животната средина ... 7

ПРИЛОЗИ КОН ДОДАТОК IX ... 8

**ПРИЛОЗИ**

Прилог IX 1 Шематски приказ на мониторинг точки за следење на емисии во воздух ... 9

Прилог IX 2 Шематски приказ на мониторинг точки за следење на емисии во води ... 10

Прилог IX 3 Шематски приказ на мониторинг точки на бучава на граница на инсталацијата ... 11

### IX.1. Места на мониторинг и земање на примероци

Секој оператор на инсталација согласно Законот за животна средина и подзаконските акти е одговорен за спроведување на мониторингот на медиумите во животната средина во рамките на инсталацијата и известување на надлежниот орган за резултатите од мерењата. Спроведувањето на мониторингот има за цел континуирано обезбедување на информации за состојбата на медиумите во животната средина како резултат на активностите во рамки на инсталација во однос на граничните вредности, врз основа на спроведени мерења со фреквенција во согласност со договорени процедури. Мониторингот опфаќа следење на процесните услови, емисии во животната средина како и мерења на нивоата на загадувачки супстанции во медиумите на животната средина и известување за резултатите од тие мерења.

#### IX.1.1. Мониторинг на емисии во воздух

Како резултат на технолошкиот процес, односно одгледување на живина и производство на јајца, во живинарската фарма на Фреш Фарм се очекуваат потенцијални фугитивни емисии на прашина, јаглерод диоксид, јаглерод моноксид, амонијак и сулфур водород од вентилациониот систем на секое од одгледувалиштата за пилиња и кокошки несилки. Емисиите на миризба се јавуваат како резултат на ослободен азот и фосфор, како и амонијак во воздухот од екскретот на живината.

Предложени се три мониторинг точки на вентилацијата на секое од одгледувалиштата (ММ1, ММ2 и ММ3) преку кои ќе се следат емисиите на загадувачки материи во воздухот ($PM_{10}$, $NH_3$, $H_2S$, CO, $CO_2$) на излез од вентилационите испусти на секој од објектите. На мониторинг точките редовно ќе се вршат мерења на емисиите на загадувачки материи во амбиентниот воздух на излез од објектите, по претходно утврдена метода согласно законските барања и со соодветна апаратура од страна на акредитирани лаборатории.

**Вкупниот број на предложени мониторинг точки за емисии во воздух во рамки на живинарската фарма на Фреш Фарм во Мршевци изнесува 3.**

Ознаките и координатите на предложените мониторинг точки на емисии во воздух се дадени во Табела 1.

*Табела 1 Мониторинг точки за следење на емисии во воздух од инсталацијата Фреш Фарм во Мршевци*

| **Ознака на мониторинг точка** | **Производен процес кој претставува потенцијален извор на емисии** | **Мониторинг точка** | **GPS Координати на мониторинг точки на емисии во воздух од точкасти извори** |
|---|---|---|---|
| ММ1 | Вентилирање на одгледувалиштето за пилиња | Вентилационен испуст | X: 7551133.1553061265<br>Y: 4652005.506414525 |
| ММ2 | Вентилирање на одгледувалиште за кокошки несилки | Вентилационен испуст | X: 7551230.530191161<br>Y: 4651999.885904838 |
| ММ3 | Вентилирање на одгледувалиште за кокошки несилки | Вентилационен испуст | X: 7551267.0668353278<br>Y: 4651999.15321307 |

Идентификуваните мониторинг точки, ќе се следат согласно условите кои ќе бидат дефинирани во добиената А ИЕД.

Фреквенцијата на мониторинг на емисии на загадувачки материи во воздух за предложените мониторинг точки е определена во согласност со Законот за квалитет на амбиенталниот воздух (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15 и 151/21) и подзаконските акти. Извештаите од извршениот мониторинг, редовно ќе се доставуваат до надлежен орган.

Операторот на живинарската фарма предлага *еднаш годишно следење на параметрите на загадувачките материи во воздухот на излез од вентилационите испусти, со што би се задоволиле барањата на националното законодавство за воздух.*

По извршената анализа на мониторинг точките на живинарската фарма, типот на загадувачки супстанции кои се емитираат од соодветниот извор на емисија и режимот на работа, во ова барање за А ИЕД ги предлагаме следните параметри за следење, преставени на Табела 2.

Параметрите кои треба да се следат се одредени во согласност со Правилник за гранични вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. весник на РМ бр.141/10 и 223/19).

Детали за параметрите кои Операторот предлага да се следат и фреквенцијата на мониторинг за мониторинг точките се дадени во Табела IX.1 во рамки на Образецот на ова Барање за добивање на А интегрирана еколошка дозвола.

Шема на мониторинг точките каде се предлага да се врши мониторинг на емисии во воздух е дадена во Прилог IX 1.

*Табела 2 Предложени параметри за следење на предложените мониторинг точки и фреквенција на следење во рамки на Фреш Фарм во Мршевци:*

| Предлог параметри и фреквенција за следење на секоја мониторинг точка | | | |
|---|---|---|---|
| **ММ1** | **ММ2** | **ММ3** | **Фреквенција** |
| Вкупна прашина $PM_{10}$ | Вкупна прашина $PM_{10}$ | Вкупна прашина $PM_{10}$ | 1 годишно |
| Амонијак $NH_3$ | Амонијак $NH_3$ | Амонијак $NH_3$ | 1 годишно |
| Сулфур Водород $H_2S$ | Сулфур Водород $H_2S$ | Сулфур Водород $H_2S$ | 1 годишно |
| Јаглерод моноксид CO | Јаглерод моноксид CO | Јаглерод моноксид CO | 1 годишно |
| Јаглерод диоксид $CO_2$ | Јаглерод диоксид $CO_2$ | Јаглерод диоксид $CO_2$ | 1 годишно |

*Имајќи во предвид дека живинарската фарма е нова инсталација, досега не се вршени мерења на предложените мониторинг точки.

### IX.1.2. Мониторинг на емисии во површински реципиент

Од активностите во живинарската фарма се генерираат само отпадни санитарни води од вработените, кои се третираат во ПСОВ. Пречистените води на излез од ПСОВ, се собираат во резервоар.

На излез од пречистителната станица е предвидено да се врши мониторинг на квалитетот на пречистените отпадни води на предложена мониторинг точка **МПВ1** со координати Х: 7551105.9568173869 и У: 4652066.174981112. Доколку резултатите од мониторингот на пречистените отпадни води се во согласност со ГВЕ согласно национално законодавство, овие води може да се користат за полевање на зеленилото во рамки на Фреш Фарм.

Од живинарската фарма нема испуштање на води во реципиент.

#### IX.1.2.1. Емисиони гранични вредности

Мониторингот на отпадни санитарни води по третман во ПСОВ, опфаќа следење на: pH, суспендирани честички, $БПК_5$, ХПК, растворен кислород, сув филтриран остаток, стрептококи кои потекнуваат од фекалии и Escherichia coli.

Резултатите од мониторинг тестирањата на отпадните води на излез од пречистителната станица, кои ќе ги спроведува акредитирана лабораторија, ќе се споредуваат со Правилник за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Сл. Весник на РМ бр. 81/11).

#### IX.1.2.2. Фреквенција на мониторинг

Проценетата количина на санитарни отпадни води кои се генерираат во Фреш Фарм изнесува **2,25 $m^3$/ден.** Операторот предлага Фреш Фарм да врши мониторинг на квалитетот на пречистените отпадни води на излез од ПСОВ, со зачестеност два пати годишно на МПВ1 согласно Табела 2 од Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштање на отпадни води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Службен весник на РМ бр. 81/11), според која за испуштање на отпадни води во површински реципиент кој спаѓа во групата до 100 $m^3$/ден **се пропишува мониторинг два пати во годината**.

Шематскиот приказ на мониторинг точката на емисии во води е даден во Прилог IX 2.

### IX.1.3. Мониторинг на емисии во канализација

Од живинарската фарма нема емисии во канализација и поради тоа не е дефинирана мониторинг точка.

### IX.1.4. Мониторинг на нивото на бучава во животната средина

Мониторинг на емисиите на бучава во животната средина ќе се врши еднаш годишно на **четири мониторинг точки на границите на инсталацијата,** земајќи ги во предвид граничните вредности за подрачје од III степен за заштита од бучава. Мерењата ќе се вршат од страна на акредитирана лабораторија со соодветна опрема и метода за таа намена.

*Табела 3 Мониторинг места за следење на бучава на граници на инсталацијата*

| Мониторинг точка | Координати | | Фреквенција на мониторинг |
|---|---|---|---|
| | X | Y | |
| **1.** | 7551100.313449796 | 4652071.403556246 | 1 годишно |
| **2.** | 7551096.1836308722 | 4652006.58217983 | 1 годишно |
| **3.** | 7551268.0756319502 | 4652100.395475494 | 1 годишно |
| **4.** | 7551344.862920754 | 4651983.715695428 | 1 годишно |

Скица на мониторинг места на бучава е дадена во Прилог IX 3.

# ПРИЛОЗИ КОН ДОДАТОК IX

*Прилог IX 1 Шематски приказ на мониторинг точки за следење на емисии во воздух*



*Прилог IX 2 Шематски приказ на мониторинг точки за следење на емисии во води*



*Прилог IX 3 Шематски приказ на мониторинг точки на бучава на граница на инсталацијата*

